**20101052016**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 11 став (1) алинеја 2 и член 67, став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр.140/2008), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛАТА

Член 1

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија” број 16/2010), во членот 8 зборовите „Во периодот од шест месеци од денот на влегување во сила на овој правилник“ се заменуваат со зборовите „До 30 септември 2010 година“.

Член 2

Прилог 6 се заменува со нов Прилог 6 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”

Бр. 25-6050/2
5 август 2010 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими,** с.р.

**Прилог 6**

Листа на техничките спецификации (ТСВ), еквивалентните со нив правилници на ЕЦЕ за половни возила од категорија $M_1$

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| ТСВ | Содржина на техничката спецификација | ЕСЕ Правилник | ЕЕС Директива (основна) барана |
| ТСВ 102 | За мерките против загадувањето на воздухот со емисијата од моторните возила | R- 83/02 | (70/220); 91/441 |
| ТСВ 141 | За мерките кои треба да се преземат за емисијата на издувни гасови и цврсти честички од дизел моторите кои се користат во возилата, и емисијата на издувни гасови од моторот со палење со искра, кои како гориво употребуваат природен гас или течен нафтен гас и се користат во возилата | R - 49/02 | (88/77); 91/542 A |